World Kidney Day
12 March 2015

**PRESS RELEASE**

## Бубрежно Здравје за Сите

10-годишнина на Светскиот ден на бубрегот - прославете со подрување на чаша вода!

Брисел, 23 февруари 2015 година - Во четврток 12 март ја одбележуваме 10-годишнината од Светскиот ден на бубрегот (WKD), најпрославуван настан кој се фокусира на здравјето на бубрезите во целиот свет. WKD е настан заеднички организиран од страна на Меѓународното здружение за нефрологија (ISN) и Меѓународната федерација на бубрежни фондации (IFKF). Овогодинешната тема "Бубрежно Здравје за сите" не 'потсетува дека сите ние не сме еднакви во однос на ризикот за заболување на бубрезите и пристапот до соодветен третман.

Со 10% од населението во светот кои имаат некоја форма на оштетување на бубрезите,пред нас има долг пат пред да се подигне свеста за опасностите од болестите на бубрезите. Хроничната бубрежна болест (ХББ), која се предвидува да се зголеми за 17% во текот на следната деценија, сега е призната од страна на СЗО и други организации како глобално јавно здравствено прашање.

Некои од заедниците од двете групи - земји со повисок и понизок степен на развој се изложени на поголем ризик од другите, поради нивната етничка припадност, социо-економски статус и / или местото на живеење. Ова претставува голем јавен здравствен проблем поради исклучително високите цени на бубрежно заместителната терапија. Африканци, Американци-Индијци, Шпанци, Азијци или Абориџини се познати како население кое страда од повисоки стапки на дијабетес и висок крвен притисок кои пак се двете главни причини за хронична бубрежна болест (ХББ). Овие популации затоа се изложени на поголем ризик од развој на тешка бубрежна болест и на крајот откажување на бубрезите. Како пример, во САД, Афроамериканците се со 3 пати поголема веројатност да доживат проблеми со бубрезите. Во споредба со белците, Афро-американците имаат многу повисок просечен крвен притисок, развиваат хипертензија порано во животот и имаат поголем ризик од компликации, како што се ХББ, мозочен удар и срцеви заболувања.

Покрај тоа, постојат голем број на клучни прашања и предизвици во справувањето со хроничните болести на бубрезите кај ранливите популации: лошата хигиена на водата, недостаток на хидратација, нездрав избор на храна и пијалоци, јазични бариери, нивото на образование и писменост, ниски приходи, невработеност, недостаток на соодветно здравствено осигурување, како и одредени културо-специфични здравствени верувања и практики - кои треба да се споменат.

Ко-претседавачот на WKD Управниот комитет при IFKF , д-р Гилермо Гарсија Гарсија нè потсетува колку и како може да се справиме со бубрежните заболувања во земјите кои се слабо опремени за решавање на ова прашање: "Да се има краен стадиум на бубрежна болест во Мексико на

пример, е трагедија. Ако немате социјално осигурување, ако немате приватно осигурување, осудени сте да умрете ".

*На Светскиот ден на бубрегот, испијте една чаша вода и подарете една* - Постојат многу начини да ја покажете Вашата поддршка на ова кауза: на 12 март, 2015 го покануваме целото граѓанско општество, владите, здравствените работници и пациентите да испијат чаша вода за нивните бубрезите и да подарат чаша вода до членовите на нивните семејства, пријатели и соработници. Ова претставува симболичен гест и повод за разговор како да се започне со подигнување на свеста за ризиците, опасностите и товарот на болестите на бубрезите, и како тие да се спречат и третираат на едноставен начин низ целиот свет - се надеваме дека што повеќе луѓе ќе станат свесни за нивниот избор на животен стил.

Ко-претседавачот на Управниот комитет на WKD и ISN , д-р Филип Ли ја повикува на целата бубрежна заедница и пошироко да се вклучат во оваа глобално одбележување на денот: "Споделување на една чаша вода на 12 март е добар начин да се потсетиме дека бубрезите се виталните органи и дека за нив треба да се грижиме, каде и да живееме без разлика дали сме изложени на ризик или не. Преземање на чекори за да се живее здрав начин на живот јасно помага да се намали ризикот и со рано откривање и третман може да го забави или спречи прогресијата на бубрежната болест. "

Водата може да ги заштити вашите бубрезите, но не постои научен доказ дека водата за пиење го намалува ризикот за ХББ.

Растечката Глобална Онлајн Кампања - ја градиме врз основа на извонредните резултати од минатата година и ја охрабруваме бубрежната заедница да ја покажат својата поддршка на интернет и да се вклучат во борбата против ХББ. За повеќе информации и детали за настаните во целиот свет по повод одбележувањето на Светскиот ден на бубрегот - погледнете www.worldkidneyday.org

Учесниците може да ги праќаат своите пораки и фотографии употребувајќи, **#glassofwater** и **#isupportwkd**.

Нашата кампања на интернет може да се следи тука :

За организаторите на Светскиот ден на бубрегот:

Светскиот ден на бубрегот е заедничка иницијатива на Меѓународното здружение за нефрологија (ISN) и Меѓународната федерација на бубрежно фондации (IFKF).

Основана во 1960 година, ISN е глобална не-профитна организација посветена на подобрување на грижата за бубрезите и намалување на обемот и влијанието на бубрежни заболувања во светот. Преку својата глобална мрежа и програми, ISN се среќаваат во земјите во развој и во развиените светови во заеднички напори во борбата против и лекување на болести на бубрезите и на глобално ниво.

Повеќе информации на www.theisn.org.

IFKF, е непрофитна организација, бубрежна федерација основана во 1999 година, и во моментов има членство од 63 бубрежни фондации и групи на пациенти во 41 земја. IFKF се залага низ целиот свет за подобрување на здравјето, благосостојбата и квалитетот на животот на лицата со болести на бубрезите; ги промовира стандардите на најдобрата практика на лекување и нега; помага во формирањето на бубрежни фондации во земјите каде што тие се уште не постојат; ги олеснува образовни програми на членовите; и промовира истражување на бубрезите.

Повеќе информации на www.ifkf.org.

## Светски ден на бубрегот - Официјални партнери

Светскиот ден на бубрегот е одржуван благодарение на великодушната поддршка од своите глобални корпоративни донатори кои помагаат да се претвори овој ден во глобална акција. Им благодариме многу за тоа на :

***World Kidney Day Official Partners***

abbvie AstraZeneca SANOFI RENAL

- Our WKD Supporters:

ALEXION AMGEN

- Our WKD Benefactors:
  - Baxter
  - Fresenius Medical Care


***Press contacts:***

**Sophie Dupuis**
World Kidney Day Campaign Manager
Email: sophie@worldkidneyday.org
Phone : +32 2808 0420

**Clémentine Martini**
PR Manager, Ogilvy Public Relations
Email : clementine.martini@ogilvy.com
Mobile : +32 475 333 946



Прес контакт Македонија:

НЕФРОН
ЗДРУЖЕНИЕ НА БУБРЕЖНО БОЛНИ ГРАЃАНИ
www.nefron.mk

Здружение на бубрежно болни граѓани НЕФРОН
Ул.11 Октомври бр.17, 1000 Скопје
е-маил: zdruzenienefron@yahoo.com
тел./факс: + 389 2 3225 899